Врз основа на членот 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и членот 171 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
# за видот, начинот на доставување и содржината на извештаите за заштитата на паричните средства

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат видот, начинот на доставување и содржината на извештаите за заштитата на паричните средства на платежните институции, односно институциите за електронски пари до Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка).

2. За потребите на оваа одлука, под поимот институција се подразбира платежна институција и институција за електронски пари.

## II. СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАИТЕ КОИШТО ИНСТИТУЦИЈАТА ГИ ИЗГОТВУВА ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ЗАШТИТАТА НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА

3. Институцијата е должна дневно да води евиденција за начинот на заштитата на паричните средства.

Евиденцијата и известувањето до Народната банка за начинот на заштитата на паричните средства се врши на Образецот за заштита на паричните средства – ОЗП.

Образецот се состои од четири поодделни обрасци:
- Образец за средствата депонирани во Народната банка и/или во банка и/или штедилница (ОЗП-1);
- Образец за средствата инвестирани во сигурни, ликвидни и нискоризични средства (ОЗП-2);
- Образец за средствата коишто се покриени со осигурителна полиса или со гаранција без приговор и платлива на прв повик (ОЗП-3) и
- Образец за вкупната заштита на примените парични средства (ОЗП-4).

4. Поодделните обрасци од точка 3 став 3 на оваа одлука се дадени во прилогот 1 на оваа одлука заедно со соодветните позиции/полиња коишто се пополнуваат.

## III. ВИД И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ

5. Институцијата е должна да изготвува и да доставува до Народната банка месечен извештај за начинот на заштитата на паричните средства.

Извештајот од ставот 1 од оваа точка содржи информации за износот на паричните средства на дневна основа за секој работен ден од месецот за кој се известува.

Рокот за доставување на извештаите од ставот 1 од оваа точка е петнаесет дена по истекот на месецот за кој се доставуваат извештаите.

На барање на Народната банка, институцијата е должна да го изготви извештајот од ставот 1 од оваа точка и на друг датум и во друг рок, којшто е различен од наведените во ставовите 2 и 3 од оваа точка.

Институцијата којашто е предмет на консолидирана супервизија, е должна на Народната банка да ги достави извештаите од ставот 1 од оваа точка и на консолидирана основа и за секоја друга институција којашто врши платежни услуги и/или издавање електронски пари, според сметководствената состојба на 30 јуни и 31 декември, во рок од петнаесет дена по истекот на полугодието за кое се доставуваат извештаите.

6. Извештајот од точката 5 на оваа одлука се доставува до Народната банка електронски согласно со подзаконскиот акт со кој се уредува поврзувањето со информатичкиот систем на Народната банка.

7. Институцијата е должна да го достави првиот извештај за 2023 година од точката 5 на оваа одлука до Народната банка најдоцна до 16 февруари 2023 година.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

**О бр. 02-15/XX-6/2022**
**25 ноември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

## ПРИЛОГ 1

### Образец за средствата депонирани во Народната банка и/или во банка и/или штедилница (ОЗП-1)

| 1.1 Ред. бр. | 1.2 Датум | 1.3 Износ | 1.4 Состојба на сметка | 1.5 Назив на банка | 1.6 Број на платежна сметка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно: | | | | | |

Во Образецот за средствата депонирани во Народната банка и/или во банка и/или штедилница (ОЗП-1) во одделните позиции се запишуваат следниве податоци:

- 1.1 „Реден број" – се внесува редоследот на датумите за кои се известува;
- 1.2 „Датум" – се внесува секој ден од периодот за кој се известува;
- 1.3 „Износ" – се внесува износот на паричните средства коишто треба да се заштитат во илјади денари;
- 1.4 „Состојба на сметката"– се внесува состојбата на платежната сметка во илјади денари којашто се користи за заштита на паричните средства за секој ден од периодот за кој се известува;
- 1.5 „Назив на банката"– се внесува името на банката каде што институцијата ги депонирала паричните средства примени од корисникот на платежната услуга;
- 1.6 „Број на платежната сметка" – се внесува единствената идентификациска ознака за платежната сметка на институцијата во Народната банка/или банка и/или штедилница;
- „Вкупно" – се внесува збирот на сите податоци од редовите од „Износ" и „Состојба на сметката".

Доколку институцијата ја врши заштитата на паричните средства за ист датум кај повеќе банки истовремено, за тој датум се наведуваат состојбите на платежните сметки во секоја од тие банки, поединечно.

### Образец за средствата инвестирани во сигурни, ликвидни и нискоризични средства (ОЗП-2)

| 1.1 Ред. бр. | 1.2 Датум | 1.3 Износ | 1.4 Состојба на вложувања | 1.5 Вид на ознака | 1.6 Код (ИСИН) | 1.7 Издадени од |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| Вкупно: | | | | | | |

Во Образецот за средствата инвестирани во сигурни, ликвидни и нискоризични средства (ОЗП-2), во одделните позиции се запишуваат следниве податоци:

- 1.1 „Реден број" – се внесува редоследот на датумите за кои се известува;

- 1.2 „Датум“ – се внесува секој ден од периодот за кој се известува;
- 1.3 „Износ“ – се внесува износот на паричните средства коишто треба да се заштитат во илјади денари;
- 1.4 „Состојба на вложувањата“ – се внесува состојбата на вложувањата во сигурни, ликвидни и нискоризични средства по пазарна вредност за секој ден од периодот за кој се известува во илјади денари;
- 1.5 „Вид на ознаката“ – се пишува шифрата на ознаката на хартијата од вредност, и тоа: 1 – за хартија од вредност издадена со код ИСИН или 2 – за хартија од вредност издадена без код ИСИН;
- 1.6 „Код (ИСИН)“ – се пишува меѓународниот број за идентификација на хартијата од вредност. Доколку полето 1.5 „Вид на ознака“ се обележи со шифрата 2 – хартија од вредност издадена без код ИСИН, полето 1.6 не се пополнува;
- 1.7 „Издадени од“ – се внесува полниот назив и седиштето на издавачот на хартијата од вредност;
- „Вкупно“ – се внесува збирот на сите редови од „Износ“ и „Состојба на вложувањата“.

Доколку институцијата ја врши заштитата на паричните средства за ист датум преку вложување во повеќе средства, за тој датум се наведува секое од тие средства, поединечно.

**Образец за средствата коишто се покриени со осигурителна полиса или со гаранција без приговор и платлива на прв повик (ОЗП-3)**

| 1.1 Ред. бр. | 1.2 Датум | 1.3 Износ | 1.4 Износ кој е покриен со полисата | 1.5 Издавач на полисата |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| Вкупно: | | | | |

Во Образецот за средствата коишто се покриени со осигурителна полиса или со гаранција без приговор и платлива на прв повик (ОЗП-3), во одделните позиции се запишуваат следниве податоци:

- 1.1 „Реден број“ – се внесува редоследот на датумите за кои се известува;
- 1.2 „Датум“ – се внесува секој ден од периодот за кој се известува;
- 1.3 „Износ“ – се внесува износот на паричните средства коишто треба да се заштитат во илјади денари;
- 1.4 „Износ којшто е покриен со полисата“ – се внесува износот којшто е покриен со полисата/осигурувањето;
- 1.5 „Издавач на полисата“ – се внесува полниот назив и седиштето на осигурителното друштво коешто е издавач на полисата;
- „Вкупно“ – се внесува збирот на сите редови од „Износ“ и „Состојба на вложувањата“.

**Образец за вкупната заштита на применените парични средства (ОЗП-4)**

| 1.1 Ред. бр. | 1.2 Датум | 1.3 Износ | 1.4 Заштита |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| 5 | | | |
| 6 | | | |
| **Вкупно:** | | | |

Во Образецот за вкупната дневна заштита на применените парични средства (ОЗП-4) се запишува вкупниот износ на паричните средства за кои треба да се обезбеди заштита за секој работен ден од месецот за кој се известува:

- 1.1 „Реден број" – се внесува редоследот на датумите за кои се известува;
- 1.2 „Датум" – се внесува секој ден од периодот за кој се известува;
- 1.3 „Износ" – се внесува збирот на колоните 1.3 од ОЗП-1, ОЗП-2 и ОЗП-3;
- 1.4 „Заштита" – се внесува збирот на колоните 1.4 од ОЗП-1, ОЗП-2 и ОЗП-3;
- „Вкупно" – се внесува збирот на сите редови од „Износ" и „Состојба на вложувањата".